# Комисијата изрече глоба од 342.564,оо денари на две веледрогерии за усогласено однесување при нудење на лекот etoposide на тендери

Комисијата за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата на седница одржана на 04.10.2102 година, донесе решение со кое изрече глоба во вкупен износ од 342.564,оо денари на две веледрогерии, Алкалоид Конс и Др. Пановски за нивно усогласено однесување при доставување на понудите за лекот со генеричко име Etoposide, по тендерите распишани од ЈЗУ Универзитетска клиника за радиотерапија и онкологија, Скопје, ЈЗУ Универзитетска клиника за детски болести Скопје, ЈЗУ Универзитетска клиника за хематологија, Скопје и ЈЗУ Клиничка болница „ДР.Трифун Пановски" Битола во 2011 година.

Имено при набавките кои ги вршеле наведените болници во 2011 година Алкалоид Конс и Др.Пановски доставувале идентични цени за лекот генеричко име Etoposide (инјекции/ампули со јачина 100мг/мл, 100мг/5мл и 20мг/мл).

Доставените понуди за наведените лекови се поклопувале целосно односно до 2 децимали,. Ваквото поклопување на понудените цени постои само при усогласено однесување помеѓу претпријатија. Усогласеното однесување претставува прекршок од член 59 став (1) точка 1), а во врска со член 7 став (1) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Глобата е утврдена и изречена согласно одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата и Насоките за начинот на одмерувањето на глобата.

**На Алкалоид Конс увоз-извоз ДООЕЛ, Скопје му е изречена глоба во износ од 225.284,оо денари, а изречената глоба на АД „Д-р Пановски", Скопје е во износ од 117.280,оо денари денари**